

**SILOTER**

FORMULA ZA USPEH

**STIROTER**

**ECOTER**

**TERAFLAT**

**TERASTIK**

Податоците во овој каталог се во согласност со нашето моментално знаење. Тоа не го ослободува корисникот пазливо да ги провери сите материјали на лице место. Ги поседуваме сите права на измена на содржината на материјалите со цел за технички напредок и нови развивања. Информацијата во овој каталог не го ограничува корисникот од обврската сам да го испита производот кој ќе го користи. Препораките за употреба не сочинуваат гаранција за имплементираните материјали.

www.siloter.mk

# КАТАЛОГ НА ПРОИЗВОДИ

# Како до полесен, побрз и поефикасен резултат во градежништвото?

Градежните материјали поминале еден долг пат на еволуција, од првобитните глинени малтери до денешните високотехнолошки материјали кои ги задоволуваат сите барања и нормативи на денешниот пазар за градежни производи. SILOTER има мисија да ги следи и имплементира сите технолошки новитети и да одговори на денешните барања на градежната индустрија.

SILOTER како општествено одговорна компанија се грижи за животната средина и затоа воведовме нова „NO DUST“ технологија. За преземање или нарачка на овој каталог посетете ја www.siloter.mk




SILOTER - ГРАДЕЖНИ МАТЕРИЈАЛИ

SILOTER е компанија за производство на градежни материјали која постојано ги следи и применува светските достигнувања во градежната индустрија. SILOTER се труди на старите докажани градежни материјали да им даде нови перформанси. Крајна цел е да се постигнат поефикасни, поекономични и побрзи градежни решенија.

SILOTER нуди повеќе производствени пограми:

**ECOTER е програма на која сме посебно горди, бидејќи на стариот добар градежен малтер му додадовме нови перформанси. Јачина, флексибилност, контролирана фракција, лесна обработливост и машинска имплементација.**

шприц малтер-ECOTER PRIMARY PLASTER
ѕидарски малтер-ECOTER MASONRY MORTAR
готов машински малтер-ECOTER CEMENT MORTAR DRY MIX
боја-ECOTER ECONOMIC
боја-ECOTER SMART
саморазливна подна маса за нивелирање-ECOTER SLC
за подобрување на лепливоста и еластичноста на под-ECOTER VRSKA
бетон контакт-ECOTER BETON KONTAKT

**TERASTIK програмата е по стандард EN12004. Според овој стандард, лепилата се поделени во следните класи:**

лепило за плочки -TERASTIK C1TE
лепило за гранитни плочки -TERASTIK PRO C2TE
лепило за плочки отпорно на температура до 90° -TERASTIK TERMO C2TE
флексибилно лепило за „плочка на плочка“ -TERASTIK ULTRA C2TES1
двокомпонентна водоотпорна мембрана отпорна на хидростатски притисок -TERASTIK HYDRO
еднокомпонентна водоотпорна флексибилна мембрана отпорна на хидростатски притисок -TERASTIK HYDRO PROTECT
високо флексибилно лепило -TERASTIK ULTRA + C2TES2
брзоврзувачко лепило за плочки -TERASTIK RAPID C2FTE
за резервоари за пивка вода -TERASTIK HYDRO PROTECT

**STIROTER програмата се произведува по стандард ETAG004:**

лепило за стиропорни плочи -STIROTER
водоотпорно лепило за стиропор и камена волна и рабис мрежа -STIROTER WATERPROOF
лепило отпорно на удар за стиропорни плочи и рабис-мрежа -STIROTER RESISTIVE
Овие производи одговаат за изработка на EXTERNAL THERMAL INSULATION COMPOSITE SYSTEM или ETICS.

**TERAFLAT програмата се состои од:**

фин малтер за порамнување-TERAFLAT
стабилитура-TERAFLAT DECORATIVE MORTAR
марморино-TERAFLAT DECORATIVE MORTAR

Предностите на SILOTER производствената програма се:
- идеални за подготовка, без грешки при мешањето
- дозволуваат и овозможуваат лесен транспорт и складирање на градилишта
- лесно обработливи
- отворено време за работа
- добра адхезија

ДОЗНАЈТЕ ПОВЕЌЕ:

ECOTER - 9 стр
TERAFLAT - 21 стр
TERASTIK - 23 стр
STIROTER - 29 стр

# Што можете да очекувате од нас?

## ДОВЕРБА

Немате време за експерименти и грешки?
**SILOTER** своите производи ги има тестирано во специјални комори за стареење. Тестирањето во коморите се врши во повеќе циклуси и трае околу три месеци на екстремни временски услови, со што гарантираме за издржливоста на производите. Со сигурност, може да им верувате на нашите производи, бидејќи наша цел е вашиот успех. Ние се грижиме за нашите клиенти, а доказ за тоа е долгогодишната соработка и довербата која ја имаат клиентите во производите на **SILOTER**.

## ИЗВЕДБА

Слободно кажете што ви е потребно!
Ние ви нудиме широка производна линија на програми како што се:
ECOTER, STIROTER, TERASTIK, TERAFLAT.
Зад сите тие производи стојат сертификати кои гарантираат за нивниот квалитет. Лесната обработливост и континуирано високиот квалитет се секогаш присутни во нашите производи.
Не се двоумете - слободно тестирајте не!

## КРЕАТИВНОСТ

Постојано барате начини за работите да одат кон подобро?
Тогаш имаме исто размислување. Ние во нашата компанија постојано тестираме и се стремиме да внесеме нови решенија во градежништвото. Се трудиме нашите материјали да ги следат светските трендови во градежната индустрија.
Тимот на **SILOTER** нуди решенија на сите проблеми од завршната фаза на градежништвото.
Ви стоиме на располагање, обратете ни се!
**www.siloter.mk**

## ВИЗИЈА

Дали верувате во соработка?
**SILOTER** е компанија која посветува големо внимание за мислењето на своите потрошувачи. Затоа **SILOTER** Ви стои на располагање, ние секогаш сме отворени за дискусии.
Исто така, веруваме дека образованието има големо учество во сето тоа, па затоа и ја отворивме **АКАДЕМИЈАТА СИЛОТЕР** која нуди широк обем на активности и обуки, кои ќе придонесат за унапредување на градежните техники.



# Како можеме да го направиме животот полесен за вас - градежниците ?

**SILOTER производите се развиени со долгогодишна соработка помеѓу градежните компании. Во моментот, SILOTER ги има најквалитетните и најоптималните градежни материјали на пазарот. За полесно да може да го одберете идеалниот производ, нашето портфолио го поделивме во посебни специјални програми.**

## ECOTER

**За малтерисување, порамнување, и завршна изработка на sидни површини**

-ECOTER PRIMARY PLASTER шприц малтер
-ECOTER MASONRY MORTAR sидарски малтер
-ECOTER CEMENT MORTAR DRY MIX готов машински малтер
-ECOTER ECONOMIC полудисперзиран поликолор
-ECOTER SMART високодисперзиран поликолор
-ECOTER SLC саморазливна подна маса за нивелирање
-ECOTER VRSKA за подобрување на лепливоста и еластичноста на под
-ECOTER BETON KONTAKT бетон контакт

## TERASTIK

**За хидроизолации, градежни лепила и бетонски решенија**

-TERASTIK C1TE лепило за керамички плочки: добра адхезија, без појава на свлекување и добро отворено време за работа
-TERASTIK PRO C2TE лепило за гранитни плочки: одлична адхезија, без појава на свлекување и добро отворено време за работа
-TERASTIK TERMO C2TE лепило за плочки отпорно на температура до 90°C: одлична адхезија, без појава на свлекување, погодно за услови до 90°C
-TERASTIK ULTRA C2TES1 флексибилно лепило за „плочка на плочка": одлична адхезија, без појава на свлекување, флексибилно, погодно за лепење „плочка врз плочка" систем.
-TERASTIK HYDRO двокомпонентна флексибилна водоотпорна мембрана отпорна на хидростатски притисок.
-TERASTIK HYDRO PROTECT еднокомпонентна флексибилна водоотпорна мембрана отпорна на хидростатски притисок.
-TERASTIK ULTRA + високо флексибилно лепило
-TERASTIK RAPID брзоврзувачко лепило за плочки
-TERASTIK HYDRO PROTECT за резервоари за пивка вода

## STIROTER

**За термофасадни системи:**

-STIROTER лепило за стиропорни плочи
-STIROTER WATERPROOF водоотпорно лепило за стиропор, камена волна и рабис-мрежа.
-STIROTER RESISTIVE лепило отпорно на удар за стиропорни плочи и рабис-мрежа.
-Според стандард ETAG004 за изработка на ETICS (External Thermal Insulation Composite Systems)

## TERAFLAT

**За фино порамнување:**

-TERAFLAT FINE LEVELING MORTAR - за фино порамнување
-TERAFLAT DECORATIVE MORTAR стабилитура
-TERAFLAT DECORATIVE MORTAR марморино



**Нашите услуги се иновативни, исто како и нашите производи. Постојано се развиваме со цел да одговориме на вашите потреби. Тимот на SILOTER Ви стои на располагање, кога и да Ви е потребно, слободно контактирајте не.**

**Како сакате да вршите нарачки ?**
**SILOTER** е флексибилна компанија која се приспособува на Вашите потреби. Нарачките можат да се вршат по електронски пат на нашата контакт адреса **contact@siloter.mk**, или со традиционалните методи по телефон и преку комерцијалната мрежа.
Се зависи од Вас и кој начин најмногу ви одговара.
**Кој принцип на достава Ви одговара ?**
Доаѓаме кај вас! Нашите производи се во вреќи, биг-бегови и силоси. Изборот е Ваш!
**Дали имате потреба од техничка подршка ?**
Тимот за техничка подршка е целосно опремен и спремен да одговори на Вашите барања.



# Избор на градежни материјали





## Малтери

**Силотер на старите добри малтери им додаде нови перформанси. Јачина, флексибилност, контролирана фракција, лесна обработливост и машинска имплементација.**

# ЕКОТЕР Малтери

**SILOTER** како општествено одговорна компанија си има поставено задача да најде замена на постоечкиот ѕидарски малтер. По долги години истражување, нашите малтери ги засиливме со специјални полимери и други додатоци кои му даваат на малтерот посебни, нови особини на издржливост, еластичност, отворено време за работа и лесна обработливост. Малтерите ги имаат поминато сите тестови во градежна лабораторија, која има акредитација и работи според нормативи на ЕУ, а имаат и сертификати за квалитет. Посебно сме горди на ECOTER програмата, бидејќи како општествено одговорна компанија се потрудивме да ги запазиме сите еколошки стандарди при производство, но и при имплементацијата на малтерите. Исто така, имаме наша сопствена лабораторија која континуирано врши контрола на секојдневното производство сè со цел да се добие висок квалитет без никакви пропусти.

ECOLOGICAL 100 % PRODUCT



**Карактеристики:**
Подобрена адхезија на сите видови на подлоги, едноставна и безбедна апликација, константна мешавина, подобрена продуктивност во градежништвото, лесна, брза и економична апликација, тенок слој и помала потрошувачка, намалени трошоци за транспорт, не е потребно дополнително место за складирање.

| Производ | Екотер шприц малтер | Екотер ѕидарски малтер | Екотер машински малтер | EN Стандард |
|---|---|---|---|---|
| Класа | CS IV | CS I | CS I | 1015 |
| Јакост на свиткување | ●● | ● | ● | 1015-11 |
| Јакост на притисок | ●● | ● | ● | 1015-11 |
| Јакост на лепливост | ●● | ● | ● | 1015-12 |
| ● Нормален малтер | | ●● Подобрен Малтер | | |
| | Одлична обработливост и добра адхезија на секаков вид на подлога | Добра адхезија на секаков вид на подлога | Добра адхезија на секаков вид на подлога | |



# ЕКОТЕР ДИСПЕРЗИИ

**Зголемена дисперзија, високо ниво на белина и лесна обработливост**

## ECOTER
SILOTER SMART
HIGH COVERAGE PAINT FOR INTERIOR WALLS - DISPERSIVE

-Високопокривна боја за внатрешни и надворешни ѕидови – дисперзија.

### Подготовка:
-се нанесува на чиста подлога
-се нанесува со валјак, четка или машина
- се разредува со 5 % вода
-пред употреба, прво треба добро да се размеша
-чистење на алатот со вода.

### Особини:
-отпорна на влажно чистење
-висока покривност
-низок степен на испарување на органски материи
-едноставно се аплицира.




## ECOTER
SILOTER ECONOMIC
PAINT FOR INTERIOR WALLS - SEMIDISPERSIVE

-Боја за внатрешни ѕидови – полудисперзија.

### Подготовка:
-се нанесува на чиста подлога
-се нанесува со валјак, четка или машина
-се разредува со 10 – 15 % вода
-пред употреба прво треба добро да се размеша
-алатот се чисти со вода.

### Особини:
-висока белина
-добра паропропустливост и покривност
-низок степен на испарување на органски материи
-едноставно се аплицира
-отпорна на суво бришење.




| Производ | Екотер Економик | Екотер Смарт | EN стандард |
|---|---|---|---|
| Степен на адхезија за подлогата | ◐ | ◐◐ | EN ISO 4624 |
| Отпорност на влажно триење | ◐ | ◐◐ | EN 13300 |
| Одредување на покривност | ◐ | ◐◐ | EN 13300 |
| Паропропустливост | ◐ | ◐◐ | EN ISO 7783-2 |
| | ◐ Полудисперзивна боја | ◐◐ Дисперзивна боја | |
| | Добра белина, едноставна апликација и добра покривност | Одлична белина, едноставна апликација и одлична покривност | |



# ЕКОТЕР ПРОИЗВОДИ

## ECOTER
PRIMARY PLASTER

**ECOTER Primary Plaster –** шприц малтер за подобра врска помеѓу подлогата и малтерот.

**Предности:**
-подобрена адхезија
-зголемена флексибилност и намалување на ризикот од пукнатини
-добро отворено време

**Примена:**
-тули
-дрво
-камен
-ѕид




## ECOTER
MASONRY MORTAR - DRY MIX

**ECOTER Masonry Mortar** ѕидарски малтер, погоден за ѕидање и малтерисување на стари и нови градби, лесна обработливост, добро отворено време и висока адхезија.

**Предности:**
-подобрена адхезија
-зголемена флексибилност и намалување на ризикот од пукнатини
-добро отворено време

**Примена:**
-тули
-дрво
-камен
-ѕид




## ECOTER
CEMENT MORTAR - DRY MIX

**ECOTER Cement Mortar** малтер за машинска имплементација, зголемено отворено време за работа, добра адхезија и намалена потрошувачка на материјал при имплементација.

**Предности:**
-подобрена адхезија
-зголемена флексибилност и намалување на ризикот од пукнатини
-добро отворено време

**Примена:**
-тули
-дрво
-камен
-ѕид




## ECOTER
SILOTER ECONOMIC
PAINT FOR INTERIOR WALLS - SEMIDISPERSIVE

**ECOTER ECONOMIC** – полудисперзирана боја

**Предности:**
-добра дисперзија
-добра покривност
-одлична белина
-лесна имплементација

**Примена:**
-ѕид
-гипсени плочи
-декоративни малтери




## ECOTER
SILOTER SMART
HIGH COVERAGE PAINT FOR INTERIOR WALLS - DISPERSIVE

**ECOTER SMART** – дисперзирана боја

**Предности:**
-висока дисперзија
-голема моќ на покривност
-одлична белина
-лесна имплементација

**Примена:**
-ѕид
-гипсени плочи
-декоративни малтери





## TERASTIK
FLEXIBLE TILES ADHESIVE ULTRA+

Високо флексибилно лепило за плочки со класа C2TES2, наменето за лепење плочки со големи димензии,лесно обработливо и наменето за секаков вид на површини.

Предности:
-висока адхезија
-добро отворено време
-висока флексибилност
-без појава на свлекување




## ECOTER
SELF LEVELING FLOOR SCREED

Ecoter self leveling floor scred е самоpазливна смеса за нивелирање на подни површини.

Предности:
-добра адхезија за подлогата
-самонивелирачка
-едноставна за подготовка
-едноставна изведба
-висок квалитет на третирани површини

Примена:
-бетонски подови
-цементни кошулки
-кошулки изработени од EPS лесен бетон




## TERASTIK
FAST SETTING TILES ADHESIVE RAPID

Лепило за плочки C2FTE со зголемена адхезија,лесно обработливо, брзоврзувачко и наменето за секаков вид на површини.

Предности:
-одлична адхезија
-добро отворено време
-брзоврзувачко
-без појава на свлекување




## ECOTER
ВРСКА

Ecoter врска е полимерен додаток за подобрување на адхезијата на подлогата.

Предности:
-ја подобрува лепливоста, еластичноста и обработливоста на подлогата.

Примена:
-бетон
-тули




## ECOTER
BETON KONTAKT

Ecoter бетон контакт претставува подлога за подобрување на врската помеѓу подлогата и материјалот,при што обезбедува рапавост на мазните површини.

Предност:
-дава подобра врска на мазни бетонски површини со малтер

Примена:
-мазни бетонски површини






## SILOTER SILOMAT
## Силосна Техника

# SILOTER SILOMAT
# Зошто силосна техника?

Градежници, ако вашето време е скапоцено и сакате континуиран квалитет, тогаш техника на **SILOTER SILOMAT** е Вашиот вистински избор. Заборавете на рачно мешање на материјал,користење примитивни методи за подготовка на малтер, поштедете се од физичка работа и од изгубено време. Со **SILOTER SILOMAT** надополнувате со квалитет. Силосната техника нуди складирање на материјалот, при што е заштитен од секакви надворешни влијанија и штети, не бара градежна дозвола за поставување на градилиште и најважно работи со континуиран квалитет. **SILOMAT** е способен сам да ја хомогенизира смесата како што Вам ви е потребна.

## Предности на SILOMAT СИЛОСНА ТЕХНИКА

Целиот процес на работа на силос системот ја поедноставува работата за градежните работници, односно целата стара технологија и алатките се непотребни (мешалка, лопати итн.). Исто така, физичката работа е драстично намалена. Процесот на хомогенизирање на материјалот преку силос системот нуди континуиран квалитет. Силос системот не бара градежна дозвола за да биде поставен на градилиште или близу градилиштето. Нема никаква загуба на материјалот, ниту пак некаков вид на отпад (вреќи, дрвени палети, најлон итн.). Градежната компанија која користи силос систем е заштитена од секаков вид на природни и неприродни непогоди (дожд, снег, сонце, влага, кражба на материјалот итн.). Силос ситемот нуди комотност при работа и нема никаков вид на прашина т.е. од производство па се до складирање на материјалот се работи со „NO DUST“ технологија.

## СИЛОС СИСТЕМ SILOMAT R3

**SILOMAT R3** е подвижен силос систем за складирање и преработка на ѕидарски малтер (ECOTER). Овој наш силос систем е дизајниран да може да се транспортира на најлесен начин до одредената дестинација. Нашиот силос систем може да биде поставен секаде каде што има потреба, бидејќи за истиот не е потребно вадење на градежна дозвола. Овој силос е во комбинација со континуиран миксер со регулирана количина на вода за добивање на готов влажен малтер.

Целиот процес од производство до складирање во силосот е во затворен систем, односно користиме „NO DUST“ технологија, (технологија без прашина). Полека, но сигурно, Р. Македонија почнува да ја прати модерната технологија. **SILOTER** се труди континуирано да имплементира нови технологии, при што нуди ефикасни решенија во градежната индустрија.

## SILOMAT R25

**SILOMAT R25** работи на истиот принцип како силосот **SILOMAT R3**, но **SILOMAT R25** е така дизајниран да може лесно да се транспортира, дури и во автомобил караван. Со додатен дел „хауба“ тој може да се поврзе со силос и непрекинато да хомогенизира материјал. **SILOMAT R25** е многу корисен да хомогенизира материјал во помали простории. Од нашите досега произведени силоси, имаме поставено на повеќе градилишта и тие работат беспрекорно.

SILOMAT





ECOTER
EPS
LIGHT
WEIGHT
CONCRETE

# ECOTER EPS LIGHT WEIGHT CONCRETE

**Подготовка на Ecoter EPS light weight concrete се врши со готов материјал добиен во биг бег вреќи и 0.6 кг. Air entraining concrete admixture,кои се замешуваат со вода од страна на стручно оспособена екипа за формирање на слој кој има термоизолаци-они својства и е погоден за директно лепење на подни облоги од керамика,камен,клинкер, полиран мермер итн.**

Препорачана минимална дебелина на слој е 5см. Дебелината на слојот може да се зголеми на 10см доколку помеѓу подлогата и слојот постои сепарационен слој кој не смета на правилната адхезија(пр.звучна или изолациона мембрана, керамички плочки линолеум,тепих,PVC или дрвен под итн.) и се поставува метална електрозаварена арматурна мрежа(Ø3мм,50*50мм) правилно подигната од подот.




Подлогата од вака подготвен материјал ги има следните карактеристики:

| Испитувања | единица | вредност |
|---|---|---|
| Тежина после 28 дена | $kg/m^3$ | 570 |
| Термичка спроводливост | W/mK | 0.14 |
| Јакост на притисок | $N/mm^2$ | 1.2 |
| Јакост на свиткување | $N/mm^2$ | 1.16 |
| Прекид на топло лепена мембрана | N/50mm | 21.28 |
| Прекид на ладно лепена мембрана | N/50mm | 13.00 |
| Дифузија на водена пареа | μ | 21.04 |
| Собирање | Mm/m | 0.27 |
| Противпожарна класа EN 13501-1 | A2 – S1, D0 | |
| Незапаливост ASTM D-1692-68 | незапаливо | |



**Ecoter EPS light weight concrete може дасе користи :**

1. **како меѓуслој во подовите за поставување на цементни кошулици**
2. **како меѓуслој во подовите за поставување на саморазливни цементни подови и поставување на подно греење**
3. **за коси и рамни кровови(со или без пад),за куполасти кровови**
4. **за купатила и тераси за директно поставување на хидроизолација.**



# ФИН МАЛТЕР ЗА ПОРАМНУВАЊЕ

**Идеален материјал за порамнување на ѕидови, отпорен на вода и механички удар.**

# Декоративни малтери кои го поминаа тестот за временска издржливост

**Фин малтер за порамнување**

TERAFLAT
FINE LEVELING MORTAR

**Предности:**
-подобрена адхезија
-зголемена кохезија
-зголемена флексибилност за заштита од пукнатини
-одговара за повеќе видови на подлоги

**Примена:**
-гипсени табли
-подови и ѕидови
-внатрешни ѕидови
-фасади

**Одговара за повеќе видови на подлоги**
SILOTER TERAFLAT може да биде употребен на различни видови на подлоги, истовремено овозможувајќи одлична обработливост и адхезија за подлогата.

**Подобрена хидрофобност**
SILOTER TERAFLAT е водоотпорен малтер кој ја штити подлогата и ја подобрува издржливоста на материјалот.




| Производ | Терафлат фин малтер за порамнување | Терафлат Стабилитура | Терафлат Мarmorino | EN стандард |
|---|---|---|---|---|
| Класа | CS I | CS I | CS I | 1015 |
| Јакост на свиткување | ◐ | ◐◐ | ◐◐ | 1015 - 11 |
| Јакост на притисок | ◐ | ◐◐ | ◐◐ | 1015 - 11 |
| Јакост на лепливост | ◐ | ◐ | ◐ | 1015 - 12 |
| ◐ Нормален малтер ◐◐ Подобрен малтер | | | | |
| | Добра адхезија за секаков вид на подлога | Многу добра адхезија за подлогата и добра обработливост | Многу добра адхезија за подлогата и добра обработливост | |



# Лепила за плочки

Со употребата на SILOTER лепилата за плочки, техниката на лепење на плочки од горе па надолу е усовршена до највисок степен, потрошувачката на материјал е намалена за 13 пати, а значително е намалено и потрошеното време за работа.

## Подобрени перформанси и издржливост

**Силотер ги подобри перформансите на цементните лепила за плочки и ја намали потрошувачката.**

### Предности:
-одлична адхезија на различни подлоги и на различни услови
-подолго отворено и време за корекција дури и на високи температури
-подобрена кохезивна сила
-подобрена флексибилност за спречување на пукнатини како резултат на стрес помеѓу површината и плочката

### Примена:
-подни и ѕидни плочки
-мали и големи плочки
-минерални и неминерални површини
-порозни и непорозни плочки

### Непорозни и порцелански плочки
SILOTER лепилата за плочки се одликуваат со добри адхезиони својства, како, на пример, за некои покарактеристични подлоги.

### Плочки со големи димензии
TERASTIK ULTRA ( C2TES1) и TERASTIK ULTRA + ( C2TES2) се одликуваат со намалена лизгавост и зголемена флексибилност за полесно фиксирање на големи и тешки плочки.

### TERASTIK RAPID - C2FTE
-брзоврзувачко цементно лепило

### TERASTIK - C1TE
-продолжено отворено време на лепилото за керамички плочки и поекономично работење (аплицирање)
-способност за задржување на водата подолго време за корекција на плочките
-соодветно сушење за лесна обработливост и подобра адхезија

### TERASTIK - C2TE
-одлична пластичност и јакост на лепливоста при различни временски услови
-голема отпорност на лизгавост и извонредно отворено време за ефективно аплицирање на плочките
-исклучителни својства со широк спектар на примена

### TERASTIK HYDRO
-многу добра адхезија за подлогата и добра кохезија дури и при постојано влијание на вода
-висока флексибилност и спречување на појава на пукнатини
-добра парапропустливост
-добри заштитни својства од вода под висок хидростатски притисок
-добра отпорност на гребење и абење (триење)
-добра отпорност на атмосферски влијанија (на системите за површинска заштита)



## Поделба на лепилата и нивни карактеристики

| Производ | Терастик | Терастик про | Терастик термо | Терастик ултра | EN Стандард |
|---|---|---|---|---|---|
| Класа | C1 | C2 | C2 | C2 | EN 12004 |
| Почетна Адхезиона јакост | ◐ | ◐◐ | ◐◐ | ◐◐ | EN 1348 |
| Адхезиона јакост по потопување во вода | ◐ | ◐◐ | ◐◐ | ◐◐ | EN 1348 |
| Адхезиона јакост со загревање | ◐ | ◐◐ | ◐◐ | ◐◐ | EN 1348 |
| Адхезиона јакост после циклуси на мрзнење и одмрзнување | ◐ | ◐◐ | ◐◐ | ◐◐ | EN 1348 |
| Адхезиона јакост на оворено време 0,5N/мм2 | ◐ | ◐ | ◐ | ◐ | EN 1346 |
| Лизгавост 0,5мм | ◐ | ◐ | ◐ | ◐ | EN 1308 |
| Деформација 2,5мм | | | | ◐ | EN 12002 |
| ◐ Нормално лепило ◐◐ Подобрено лепило | | | | | |
| | Добра адхезија за подлогата, добра обработливост | Долго отворено време, добра адхезија за подлогата, добра обработливост | Многу добра обработливост, добра адхезија за подлогата после загревање на 90C | Долго отворено време, многу добра адхезија за подлогата, добра обработливост | |



# Хидроизолација

TERASTIK водоотпорните мембрани нудат долготрајна заштита од вода.

# ДРЖЕТЕ ЈА ВОДАТА НАДВОР И ВНАТРЕ

**Предности:**
-спречување на проток на вода под притисок
-пропустливост на пареа
-акомодација на мали движења во супстратите
-одлична адхезија на различни видови на подлоги

**Примена:**
-подземни ѕидови и темели
-канализациски и водоводни цевки
-базени
-бањи
-балкони и тераси




**Флексибилност за спречување на пукнатини**
Високофлексибилните хидроизолации се приспособуваат на малите движења во подлогата, што значи дека флексибилниот слој нема да пукне, дури и при ситни движења (на пр. како при промена на температурите).

**ЛЕСНА АПЛИКАЦИЈА**
Апликацијата на TERASTIK водоотпорните мембрани е лесна:
-на површината се нанесува течната подлога
-откако ќе се исуши површината, се нанесува првиот слој на хидроизолацијата
-вториот слој на хидроизолацијата треба да се нанесе во спротивна насока од првиот слој.

**ВОДООТПОРНИ МЕМБРАНИ TERASTIK**
Водоотпорните мембрани на TERASTIK, треба да бидат нанесени со дебелина не поголема од неколку милиметри, со цел да се постигне посакуваниот резултат.

TERASTIK
HYDRO PROTECT



| Производ | Терастик хидро двокомпонентна хидроизолација | Терастик хидро еднокомпонентна флексибилна хидроизолација | Терастик хидро еднокомпонентна хидроизолација отпорна на хидростатски притисок | Терастик хидро еднокомпонентна хидроизолација не отпорна на хидростатски притисок | EN Стандард |
|---|---|---|---|---|---|
| Класа | DM | CM | CM | CM | EN 14 891 |
| Почетна адхезиона јакост | ●● | ●● | ● | ● | EN 14 891 |
| Адхезиона јакост по потопување во вода | ●● | ●● | ● | ● | EN 14 891 |
| Адхезиона јакост по загревање | ●● | ●● | ● | ● | EN 14 891 |
| Адхезиона јакост по циклуси мрнење и одмрзниување | ●● | ●● | ● | ● | EN 14 891 |
| Флексибилност | ●● | ●● | | | EN 14 891 |
| Отпорност на хидростатски притисок | ●● | ●● | ● | | EN 14 891 |
| ● Нормална хидроизолација ●● Подобрена хидроизолација | | | | | |
| | Многу добра адхезија за подлогата, водонепропустливост и флексибилност | Многу добра адхезија за подлогата, водонепропустливост и флексибилност | Водонепропустливост и добра адхезија за подлогата | Водонепропустливост и добра адхезија за подлогата | |



# TERASTIK ПРОИЗВОДИ

**TERASTIK**
CERAMIC TILES ADHESIVE

TERASTIK C1TE бело и сиво лепило за керамички плочки, лесно обработливо и наменето за секаков вид на површини.

**Предности:**
-добра адхезија
-без појава на свлекување
-добро отворено време




**TERASTIK**
GRANITE TILES ADHESIVE PRO

Лепило за гранитни плочки C2TE со зголемена адхезија , лесно обработливо и наменето за секоков вид на површини.

**Предности:**
-одлична адхезија
-без појава на свлекување
-добро отворено време




**TERASTIK**
HIGH TEMP TILES ADHESIVE TERMO

Лепило за плочки C2TE отпорно на температури до 90°C , лесно обработливо и наменето за секоков вид на површини.

**Предности:**
-одлична адхезија
-без појава на свлекување
-добро отворено време
-отпорно на температура до 90°




**TERASTIK**
FLEXIBLE TILES ADHESIVE ULTRA

Флексибилно лепило за плочки C2TES1 наменето за систем „плочка на плочка“, лесно обработливо и наменето за секоков вид на површини.

**Предности:**
-одлична адхезија
-без појава на свлекување
-еластичност
-добро отворено време
-погодно за систем „плочка на плочка“




**TERASTIK**
HYDRO PROTECT

**Двокомпонентна хидроизолација**
со мешање на компонентите А и В се добива мешавина која лесно се применува.

**Предности:**
-висока лепливост
-водоотпорен еластичен слој кој е отпорен на гребнатини
-флексибилна и непропустлива заштита
-оптпорно на хидростатски притисок

**Примена:**
-одговара за тераси, базени и подрумски простории




**TERASTIK**
WATERPROOF MEMBRANE HYDRO

**Еднокомпонентна флексибилна хидроизолација**
еднокомпонентна хидроизолација на цементна основа, збогатена со полимери

**Предности:**
-висока лепливост
-водоотпорен еластичен слој кој е отпорен на гребнатини
-флексибилна и непропустлива заштита
-оптпорно на хидростатски притисок

**Примена:**
-одговара за тераси, базени и подрумски простории





# STIROTER

**Еден од најефикасните начини да се намали енергетската потрошувачка на градбите е со ETICS системот. SILOTER ги подобри карактеристиките на употребуваните материјали.**

# НАМАЛЕНА ЕНЕРГЕТСКА ПОТРОШУВАЧКА НА ГРАДБИТЕ

**Предности:**

STIROTER прави стабилна врска помеѓу изолационата табла, употребеното лепило и ѕидот
-подобрена отпорност на механички удар
-подобрена отпорност на временски влијанија и подобрена хидрофобност

**Примена**
-лепење на термоизолациони табли
-лепење на рабис-мрежата

**ETICS**
STIROTER лепилата креираат стабилна и флексибилна врска помеѓу слоевите на External Thermal Insulation Composite System




| Производ | Стиротер | Стиротер X | Стандард |
|---|---|---|---|
| Класа | задоволува | задоволува | ETAG 004 |
| Адхезиона јакост на затегање на бетонска подлога | ● | ●● | ETAG 004 |
| Адхезиона јакост на затегање на стиропорна подлога | ● | ●● | ETAG 004 |
| Адхезиона јакост на затегање на стиропорна подлога после стареење | ● | ●● | ETAG 004 |
| Отпорност на удар | ● | ●● | EOTA |
| Водоотпорност | ● | ●● | ETAG 004 |
| ● Нормално лепило ●● Подобрено лепило | | | |
| | Многу добра адхезија за подлогата и добра обработливост | Високо водоотпорност, добра адхезија за подлогата, голема отпорност на удар | |




## STIROTER
STIROFOAM BOARDS ADHESIVE

**STIROTER** лепило за стиропорни плочи

**Предности:**
-добра адхезиона јакост за одлична врска помеѓу подлогата и стиропорната плоча

**Примена:**
- малтер
- камен
- дрво




## STIROTER
STIROFOAM BOARDS ADHESIVE
WATER RESISTANT

**STIROTER WATERPROOF** лепило за стиропор и камена волна (водоотпорен)

**Предности:**
-одлична адхезиона јакост за силна врска помеѓу подлогата и стиропорната плоча

**Примена:**
- малтер
- камен
- дрво




## STIROTER
RESISTIVE

**STIROTER RESISTIVE** лепило за стиропорни плочи (водоотпорен, отпорен на удар до 10 J)

**Предности:**
-одлична адхезиона јакост за силна врска помеѓу подлогата и стиропорната плоча
-водоотпорен
-отпорно на механички удар до 10 J

**Примена:**
- малтер
- камен
- дрво




## SILOTER
ПОДЛОГА

**SILOTER** Течна подлога

**Предности:**
-обезмастување на подлогата
-обеспрашување на подлогата
-одлична лепливост

**Примена:**
-ѕидови
-подови
-тавани





# СТИРОТЕР ETHICS

**Секаде низ светот, градбите конзумираат 40 % од примарната енергија и произведуваат 33% CO2. Добрата изолација заштедува до 70 % од топлинската енергија.**

## Намалете ја потрошувачката за затоплување на вашиот дом со ETICS

**Секаде низ светот, градбите примаат 40% од примарната енергија, но произведуваат и испуштаат 33% CO2. Добрата изолација заштедува до 70 % од топлинската енергија.**

**EXTERNAL THERMAL INSULATION COMPOSITE SYSTEM (ETICS) е меѓу најдобрите и најефикасните методи за изолација на sидовите однадвор и одвнатре.**

Одговара за стари и нови градби од камен, тули и дрво, но истовремено одговара и за секакви подлоги. Рековме дека ETICS одговара на секоја подлога, што значи дека може да биде употребуван за реновирање и за нови градби. Користењето на STIROTER лепилото зависи од подлогата што всушност е и решавачки фактор за добра изолација. Одговара на сите временски услови, во зависност од тоа дали градбата треба да биде изладена или затоплена. Надворешните фасади се термална бариера. Околу 40 % од внатрешната топлина во градбата се губи преку надворешните sидови. Тоа е всушност топлината која може да биде искористена во која било градба. Подобрените изолациони фасади не само што го подобруваат енергетскиот баланс, исто така, ја балансираат и климата во ентериерот. Помеѓу другите работи, ETICS ја намалува температурната разлика помеѓу внатрешниот воздух и температурата на sидната површина. Со овој метод на фасади, значајно го зголемувате комфорот во ентериерот на Вашата градба. ETICS нуди архитектурна слобода, архитектите без никакви препреки можат да креираат секаков вид на фасади. Материјалите вклучуваат декоративни малтери, бои, природни камени фасади, едноставно нема ограничување.

ETICS е направен од комбинација на материјали, секој планиран за да ја врши својата улога во изолацијата. Во зависност од материјалот со кој е градена градбата, треба и малтерот да биде соодветно одбран. Може да се користи боја за фасади како завршен слој (ECOTER SMART). Бојата треба да биде водоотпорна, но и да дозволува дифузија. ECOTER SMART има многу ниска водна апсорпција и одлична издржливост. SILOTER Ви нуди одговор за секое Ваше барање.

### МАЛТЕР

Постојат повеќе видови на малтери, според нивниот состав, нивната природа и потеклото. Во Р. Македонија климатските услови се или екстремно ладни или екстремно топли. Стариот докажан минерален малтер функционира беспрекорно во регионот веќе долги години, но **SILOTER** на старата добра формула додаде специјални полимери кои уште повеќе ги засилуваат малтерите. Полимерните подобрени малтери се многу добри, тие се комбинација од ДОБРА АДХЕЗИЈА, МЕХАНИЧКА ОТПОРНОСТ, ВОДООТПОРНОСТ и ФЛЕКСИБИЛНОСТ. Овие малтери ја штитат фасадата од мувла, механичка штета и пукнатини. STIROTER лепилото му овозможува на овој цел систем и отпорност од удар. До овој дел изолационият материјал е покриен со малтер кој е само водоотпорен. Цементниот малтер во комбинација со STIROTER лепилото добива поголема цврстина, водоотпорност и е отпорно на удар и пукнатини.

### СТИРОТЕР лепило

Цементно, полимерно модифицирано лепило STIROTER е потребно за да се нанесе (аплицира) ETICS на малтерот. Адхезијата е таа што овозможува лепилото да направи добра врска со малтерот и изолациониот материјал. STIROTER лепилото е главна состојка на овој процес. Подготвено во фабрички услови, тестирано во лабораторији, пакувано во сув-микс, овозможува и гарантира оптимални услови.




### Без ограничувања

STIROTER лепилото со посебно засилени полимери може да се нанесе на која било површина, како, на пример: бетон, тули, дрво, малтер, камен. Овој принцип е идеален за подобрување на енергетскиот рејтинг на постоечката градба, кој денес е актуелен на пазарот низ цел свет кај градежниците.

1. **STIROTER фасадно лепило**
2. **Изолациона плоча**
3. **STIROTER фасадно лепило**
4. **Рабис мрежа**
5. **Основен премаз**
6. **TERAFLAT декоративен малтер**

# Академија Силотер

SILOTER се грижи за успешно образование, со цел да се развие градежништвото.
**Академија Силотер** нуди забрзани обуки кои се одобрени од Министерството за образование на Р.М. и Европската унија. Наш предизвик е да обучиме млади луѓе кои ќе можат да се вклучат во делот на завршните фази од градежништвото.
Академијата се наоѓа во Струмица, а пријавувањето може да се изврши преку нашата интернет страна www.siloter.mk или на контакт телефонот: 070/262-661. Обратете се Ве очекуваме!

## Стручна програма:

- **Ѕидар**
- **Фасадер**
- **Гипсер-монтер**
- **Монтер на гасоводна инсталација**
- **Ракувач со багери,утоварни машини,булдожер**






# Нашата приказна

Компанијата за производство на градежни материјали **SILOTER** е компанија основана со приватен капитал. Во изминатиот период **SILOTER** прерасна во современа и модерна фабрика за производство на градежни материјали. Во моментов располагаме со палета на производи кои се користат на нашиот пазар: повеќе видови на малтери за ѕидање и малтерисување, машински малтер, декоративни малтери со шара или фул-форма, малтери за порамнување итн. Повеќе видови и класи на лепила за плочки и тоа: лепило за керамички плочки, лепило за гранитни плочки, флексибилно лепило, лепило за стиропор плочи, хидроизолација итн.
Нашите производи ги исполнуваат најсовремените градежни нормативи чиј квалитет е потврден од реномирани градежни лаборатории со сертификат.
Како предизвик на модерните текови во градежната индустрија **SILOTER** се стреми кон проширување и усовршување на производство преку имплементирање на современи технологии на производство, со цел да може да одговори на барањата на пазарите и надвор од нашата земја. **SILOTER** нуди производи со висок квалитет кои всушност ја претставуваат и нашата формула за успех.



# Почитуваме прашања Кои се вашите ?

Би сакале да знаете зошто малтерите на **SILOTER** се најдобри? **SILOTER** континуирано се труди да внесе новини во своите производи. Нашите производи секогаш и континуирано се тестирани во реномирани лаборатории и истите се имаат здобиено со сертификати кои одговараат на нормативите на Европската Унија.

**ТЕХНИЧКА ПОДРШКА**

Центарот за техничка подршка на **SILOTER** е сместен во Струмица , но тоа не нѐ спречува да дојдеме кај Вас. **SILOTER** нуди техничка теренска помош, каде и да имате потреба од нас **SILOTER** доаѓа кај Вас. Нашите експерти знаат како нашите материјали реагираат на различни временски услови, па затоа пред секој чекор не двоумете се и побарајте стручна помош. Помогнете си сами да дојдете до брзи и сигурни одговори.

Комерција
+389 70 262 661
+389 71 241 647

Техничка подршка
+389 71 323 120